# Што се случува при проверката на дојките?



## Чекор 1

Лицето кое ќе ги проверува дојките ќе ве земи и ќе ве одведи од чекалната во собата за проверка на дојките. Тоа ќе ви ја објасни постапката и ќе ви одговори на сите прашања што ги имате.



## Чекор 2

Кога ќе бидете подготвени, рендгенскиот техничар ќе ве замоли да ги соблечите горните алишта и прслукот и да ги ставите дојките, една по една, на долната плоча на машината за снимање. Ќе ви објасни како да го направите тоа.



## Чекор 3

рендгенскиот техничар потоа ќе ја притисне секоја дојка помеѓу горната и долната плоча за да напрви што е можно појасни слики. Ова може да биде непријатно, но не треба да боли. Ако боли, можете да побарате да се прекине со снимањето.



## Чекор 4

Машината ќе направи најмалку 2 снимки од секоја дојка – една од горе и една од страна. Овие снимки ќе бидат прочитани од најмалку 2 доктори специјално обучени да бараат рак на дојките. Вашите резултати ќе бидат готови за 2 до 4 недели. Ако се открие рак, вашиот матичен лекар или специјалистичка клиника за дојки ќе разговара за можностите за лекување.

Australian Government

BreastScreen AUSTRALIA

A joint Australian, State and Territory Government Program

www.health.gov.au/bsa